Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

Извадок на дел од дневни настани 24.10.2022

На 23.10.2022 околу 22.45 часот на подрачје на Бит Пазар од полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје лишени од слобода се Е.Е.(18) и уште тројца 17-годишници, сите од Скопје, затоа што претходно на подрачјето на Бит Пазар со употреба на физичка сила од двајца малолетници од Скопје одзеле пари и предмет, кој подоцна бил пронајден кај пријавените. Лицата се предадени на полициски службеници од Полициска станица Бит Пазар, а по целосно документирање на случајот ќе бидат поднесени соодветни поднесоци.

Денеска (24.10.2022) во 02.30 часот на подрачјето на Центар, полициски службеници од Одделението за безбедност на сообраќајот при СВР Скопје го лишиле од слобода С.С.(29) од Скопје, затоа тоа што кај него била пронајдена и одземена прашката материја. По документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 23.10.2022 во 17.00 часот во село Василево, струмичко, полициски службеници од СВР Струмица ги лишиле од слобода Д.К.(32), Е.К.(27) од Струмица и Г.М.(33) од село Работри, струмичко. При преглед на патничко возило „мерседес", со струмички регистарски ознаки, управувано од Д.К., во кое сопатници биле Е.К. и Г.М., била пронајдена марихуана. За случајот бил известен Јавен обвинител од Основното јавно обвинителство Струмица, а по него целосно документирање ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 23.10.2022 во 15.40 часот на клучка Идризово, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода К.Л.(34) од Скопје, затоа тоа што кај него била пронајдена и одземена бела прашката материја. По документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 23.10.2022 во 11.50 часот во С.Слатино од полициски службеници од СВР Тетово бил лишен од слобода малолетник. Тој се сомничи дека на 19.10.2022, во близина на средно училиште во Тетово, им продал марихуана на тројца малолетници, со цел сторил кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори", казниво по член 215 од Кривичниот законик. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 23.10.2022 во 13.50 часот на подрачјето на Чаир, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Ј.А.(23) од Скопје, затоа тоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

Денеска (24.10.2022) во 02.00 часот во Тетово полициски службеници од СВР Тетово го лишиле од слобода И.Ч.(26) од Тетово, затоа што кај него била пронајдена и одземена кафеава прашката материја. По документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 23.10.2022 во 22.30 часот во СВР Битола е пријавено дека во изнајмен објект на ул.„Еллида Караманџи" во Битола, каде се одржувала прослава, биле присутни малолетни лица кои консумираат алкохол. Полициски службеници од Одделението за криминалистичка полиција, Отсек за општ криминал при СВР Битола и Полициската станица Битола излегле на местото, при што било констатирано дека на малолетници им било овозможено консумирање на алкохолни пијалаци, набавени од В.С.(19) од Битола, кој бил присутен на местото, со што постои сомнение дека сторил кривично дело казниво по чл.204 ст.1 од Кривичниот законик. При контрола кај девет малолетници е утврдено присуство на алкохол и истите се предадени на родителите. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 23.10.2022 во 20.00 часот било пријавено дека на ул.„Димитар Влахов" во с.Русиново, беровско, од трактор „фиат" со беровски регистарски ознаки, управуван од Д.Ч.(25) од с.Русиново, паднал В.М.(22) од с.Русиново, кој се превезувал на задниот дел од тракторот. Во несреќата тој се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во Здравствениот дом во Берово. Извршен бил увид од увидна екипа од Полициската станица Берово.

Министерството за внатрешни работи во текот на вчерашниот ден (23.10.2022) продолжи со засилените акциски контроли во областа на сообраќајот. На територијата на град Скопје изречени се вкупно 151 мерка, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 39 санкции, 32 мерки за возење под дејство на алкохол, 20 санкции за возење без возачка дозвола. Изречене се шест мерки за користење мобилен телефон при возење, осум санкции за минување на затворен сигнал (црвено светло), осум мерки за нерегистрирани возила..

На 23.10.2022 во 23.10 часот на Магистрален пат А4 Струмица - Ново Село, во близина на село Дабиље се случила сообраќајна несреќа во која учествувале патничко возило „фолксваген поло" со италијанска национална ознака, управувано од В.А.(52) од село Ednokućevo, струмичко, патничко возило „ауди а3", управувано од М.М.(31) од Струмица и патничко возило „фиат типо", управувано од М.К.(52) од Струмица, двете со струмички регистарски ознаки. Во несреќата возачите В.А. и М.М. се здобиле со тешки телесни повреди, а возачот М.К. се здобил со телесни повреди, констатирани во Медицински центар Струмица. Увид извршила екипа на Полициската станица Струмица.

На 23.10.2022 во 20.00 часот во Полициската станица Карпош, М.М.Љ.(48) од Скопје, пријавила дека во Градскиот парк во Скопје нејзиниот малолетен син бил каснат од куче скитник.

На 23.10.2022 во 11.15 часот во Полициската станица Ѓорче Петров, З.З.(53) од Скопје пријавил дека на ул.„Лука Геров" бил каснат од куче скитник.

Денеска (24.10.2022) во 03.00 часот во СВР Охрид е приведен А.С.(23) од Мароко. Тој бил затекнат на ул. „Кленовец" во Охрид и по извршени проверки било констатирано дека остварил илегален влез во државата. За случајот е известен Јавен обвинител, а лицето е пренесено во транзитен центар за странски државјани. По документирање на случајот ќе следува поднесок.

На 23.10.2022 во 16.50 часот во кругот на поранешна гостиварска фабрика, во приколка од товарно возило со гостиварски регистарски ознаки, биле пронајдени пет лица мигранти, сите од Сирија. Од страна на полициски службеници од Полициската станица Гостивар тие биле лишени од слобода и задржани за понатамошна постапка.

На 23.10.2022 во 09.30 часот во Полициска станица Прилеп е пријавено дека на ул.„Бошко Корчагин" во Прилеп, во куќа сопственост на М.З.(28), настанал пожар во кој биле опожарени просторија со покуќнината во неа и дел од покривната конструкција. Пожарот е изгаснат од страна на противпожарната единица од Прилеп. Увид на местото на настанот извршила увидна екипа од Полициска станица Прилеп.

На 23.10.2022 во 09.30 часот во Полициска станица Кавадарци е пријавено дека во Општата болница - Кавадарци бил донесен повреден З.И.(52) од Кавадарци. Според пријавеното, тој се здобил со тешки телесни повреди додека извршувал градежни работи на викенд куќа во место викано „Моклиште", кавадаречко. Полициски службеници од Полициска станица Кавадарци излегле на местото на настанот.

На 24.10.2022 во 00.30 часот во Полициска станица Бит Пазар е пријавено дека на крстосница на подрачјето на Бит Пазар е нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу Б.Д.(31) и А.В.(29), двајцата од Скопје, во која тие употребиле тврди предмети. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 23.10.2022 во Полициска станица Аеродром, Р.В.(72) од Скопје пријавил дека околу 09.30 часот во премин на зграда на подрачјето на Аеродром, по претходно недоразбирање, бил физички нападнат од неговиот сосед М.И.(71) од Скопје. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Б.Љ.(42), поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На покрив од еден објект во Казнено-поправната установа Затвор Тетово било пронајдено пакување со хероин, за кое по преземени мерки било утврдено дека му припаѓа на пријавениот.

На 23.10.2022 околу 16.50 часот во Полициска станица Карпош е пријавено дека во близина на угостителски објект на подрачјето на Карпош, по претходна расправија, бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу Е.Е.(26) од Скопје и 22-годишната Х.А. од Тетово. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 23.10.2022 во 19.25 часот во СВР Штип е пријавено дека на ул.„Широк дол" во Штип настанал пожар во стан сопственост на П.Х.(69) од Штип, при што со повреди во вид на изгореници се здобила сопственичката, која била пренесена во Клиничка болница-Штип, каде и била укажана лекарска помош. Пожарот е изгаснат од противпожарната единица Штип. Увид извршиле Јавен обвинител и екипа од СВР Штип.

На 24.10.2022 во 02.30 часот во Полициска станица Бит Пазар, Ф.Н.(27) од Скопје пријавил дека на 23.10.2022 околу 23.25 часот на подрачјето на Бит Пазар бил физички нападнат од И.Н. и Б.Н.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 23.10.2022 во 12.00 часот во Полициско одделение Петровец, М.К.(41) од с.Дражево пријавил дека околу 11.50 часот во угостителски објект во с.Петровец, бил физички нападнат од С.Л., кој му упатил и закани. Според пријавеното, тој и претходно му се заканувал. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против В.М.(23) од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични супстанци и прекурсори". При преглед кај пријавениот, полициски службеници пронашле и одзеле кокаин.

На 23.10.2022 во 13.55 часот било пријавено дека во Ваташа, кавадаречко, дошло до нарушување на јавниот ред и мир со меѓусебна пресметка помеѓу М.С.(27), Ќ.С.(57) и И.С.(33), од една страна, и Ѓ.А.(23) и А.А.(18), од друга страна, сите од Ваташа. По целосно документирање на случајот ќе следат соодветни поднесоци.

На 23.10.2022 во 22.40 часот во Полициска станица Блаце е пријавено дека при извршување на работни активности се повредил еден полициски службеник. Тој бил пренесен во Градската општа болница „8 Септември", каде му била констатирана тешка телесна повреда.

На 23.10.2022 во 20.45 часот било пријавено дека во Неготино, во близина на спортска одбојкувалница, бил нарушен јавниот ред и мир со меѓусебна пресметка помеѓу К.Л.(23) и Д.С.(26), двајцата од Неготино. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 23.10.2022 во 23.20 часот Г.Ѓ.(50) од с.Василево, струмичко пријавил дека околу 20.30 часот во с.Василево, во близина на угостителски објект, бил физички нападнат од Д.И. од истото село. Се работи на расчистување на случајот.

На 23.10.2022 во 19.50 часот С.К.(48) од с.Оризари, кочанско, пријавил дека во селото, по претходна меѓусебна расправија, бил физички нападнат од Б.П.(56) и М.С.(25), двајцата од с.Оризари. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 23.10.2022 околу 21.20 часот во СВР Скопје, И.П. пријавила дека настанал пожар во семејната куќа во с.Катланово, во која во моментот бил нејзиниот сопруг Ж.П.(43) од с.Катланово. Пожарот е изгаснат од противпожарната единица Скопје, а Ж.П., кој се здобил со изгореници, бил пренесен во Комплекс клиники „Мајка Тереза" за укажување на лекарска помош. Увид на местото извршила екипа од СВР Скопје.

На 23.10.2022 во 12.10 часот Б.К.(48) од Кавадарци пријавил дека околу 02.15 часот на паркинг простор пред угостителски објект во Кавадарци неговиот малолетен син бил физички нападнат од Т.П. и А.А.. Се работи на расчистување на случајот.

На 23.10.2022 во СВР Тетово е пријавено дека околу 14.00 часот, за време на фудбалски натпревар на стадионот во с.Голема Речица, тетовско, помеѓу фудбалски екипи од Гостивар и Скопје, неколку лица од навивачката група на домашната екипа, на теренот фрлиле шок бомба и запалиле пиротехнички материјали. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 23.10.2022 во 23.20 часот Н.А.(49) од Битола пријавил дека околу 18.00 часот пред Автобуската станица во Битола бил физички нападнат од Д.Ш. од Битола. Се работи на расчистување на случајот.

На 24.10.2022 во 00.10 часот Ф.С.(18) од Тетово пријавил дека околу 15.30 часот во Тетово, тој и неговиот другар, по претходни недоразбирања, биле физички нападнати од В.К. и од неговиот син. Се работи на расчистување на случајот.

На 24.10.2022 година во 00.20 часот, Ј.А.(55) од Кичево во полициска станица пријави дека во близина на бензиска станица на магистралниот пат Кичево-Охрид бил каснат од куче скитник.

На 24.10.2022 во 02.00 часот Г.Ј.(19) од с.Копачиндол пријавил дека на 23.10.2022 околу 23.00 часот во с.Групчин бил физички нападнат со остар предмет од еден малолетник. Се работи на расчистување на случајот.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против К.И.(23) од Куманово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични супстанци и прекурсори". Пријавениот набавил марихуана и на 09.10.2022 бил затекнат при продажба на друго лице.

На 24.10.2022 во 03.03 часот во СВР Скопје било пријавено дека во населба Радишани во куќен двор настанал пожар на патничко возило „опел антара", со скопски регистарски ознаки, сопственост на Ј.В.(53), од кој била зафатена и настрешница од куќата. Пожарот е изгаснат од противпожарната единица Скопје, а повредени лица нема. Увид на местото на настанот извршила екипа од СВР Скопје.

На 24.10.2022 во 02.50 часот З.З.(42) од Прилеп пријавил дека околу 02.30 часот во Прилеп, бил физички нападнат од едно лице. Исто така, на 24.10.2022 во 04.30 часот А.Б.(20) од Прилеп пријавил дека околу 02.30 часот во Прилеп, по претходна расправија, бил физички нападнат од З.Н.. Се работи на расчистување на случајот.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет